П Р Е Д Л О Г

О Д Л У К А

за утврдување на висината на надоместокот за работа во органите на

Шпаркасе Банка АД Скопје

(Надзорен одбор и Одбор за ревизија)

Врз основа на член 365 точка 1 од Законот за трговски друштва и член 53 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје, на седницата одржана на ден 28.05.2026 година, донесе

О Д Л У К А

за утврдување на висината на надоместокот за работа во органите на Шпаркасе Банка АД Скопје
(Надзорен одбор и Одбор за ревизија)

1. Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за работа на членовите во Надзорниот одбор и Одборот за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје.
2. На членовите на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје им се определува годишен фиксен нето надоместок во висина од 8.400 ЕУР, кој се исплаќа пропорционално за временскиот период на извршување на мандатот во Надзорниот одбор, и дополнителни 500 ЕУР нето износ за присуство по седница (во денарска противредност по среден курс на НБРСМ на денот на исплата).
3. На Претседателот на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје му се определува дополнителен годишен фиксен нето надоместок во висина од 8.400 ЕУР (во денарска противредност по среден курс на НБРСМ на денот на исплата).
4. На членовите на Одборот за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје им се определува годишен фиксен нето надоместок во висина од 3.000 ЕУР, кој се исплаќа пропорционално за временскиот период на извршување на мандатот во Одборот за ревизија, и дополнителни 500 ЕУР нето износ за присуство по седница (во денарска противредност по среден курс на НБРСМ на денот на исплата).
5. На членовите на Надзорен одбор и Одбор за ревизија кои се номинирани од страна на акционерот и истовремено се во работен однос во ентитети членки на Ерсте Групацијата, не им се исплатува надомест за работата во органите на Шпаркасе Банка АД Скопје. На сите останати членови им следува надомест како што е утврден со оваа Одлука.
6. На членовите на Надзорниот одбор и Одборот за ревизија на Банката не им се исплатува дополнителен надомест за одлучување без одржување на седница преку давање на писмена согласност на одлуките кои што се донесуваат.
7. Пропорционален дел од фиксниот нето годишен надоместок, како и дополнителниот нето надоместок на членовите кои присуствувале на одржана седница, ќе се исплатува на месечна основа.
8. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, со што престанува да важи Одлуката со број 69078/1-6 донесена на 03.08.2022 година од страна на Собранието на акционери.

ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за работа во органите на Шпаркасе Банка АД Скопје

(Надзорен одбор и Одбор за ревизија)

Надзорниот одбор на Банката е орган кој врши надзор на работењето на Управниот одбор, ги одобрува политиките за вршење на финансиските активности и го надгледува нивното спроведување. Овој орган е одговорен да обезбеди добро работење и управување и стабилност на Банката, како и навремено и точно финансиско известување на Народната Банка.

Одборот за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје ги разгледува финансиските извештаи на Банката и се грижи за точноста и транспарентноста на објавените финансиски информации за работењето на Банката во согласност со прописите за сметководство и меѓународните сметководствени стандарди, ги разгледува и оценува системите за внатрешна контрола, ја следи работата и ја оценува ефикасноста на внатрешна ревизија, го следи процесот на ревизија на Банката и ја оценува работата на друштвото за ревизија, ги донесува сметководствените политики на Банката и врши други работи во согласност со законските и подзаконските прописи, Статутот и другите општи акти на Банката.

Надзорниот одбор и Одборот за ревизија работат и одлучуваат на седници кои се одржуваат по потреба, а најмалку еднаш квартално. Согласно член 53 од Статутот на Банката, на членовите на Надзорниот одбор им припаѓа право на надомест за учество и работа на седниците во висина која е одредена со одлука на Собранието.

На членовите на Надзорен одбор и Одбор за ревизија кои се номинирани од страна на акционерот и истовремено се во работен однос во ентитети членки на Ерсте Групацијата, не им се исплатува надомест за работата во органите на Шпаркасе Банка АД Скопје. На сите останати членови им следува надомест како што е утврден со оваа Одлука.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, со што престанува да важи исплатата на надоместокот за членовите на Надзорен одбор и Одбор за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје утврдени со Одлуката број 69078/1-6 донесена на 03.08.2022 година од страна на Собранието на акционери.